Врз основа на член 7 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12), министерот за образование и наука донесе

Правилник
за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство бр.10-1517/1 од 08.04.2010 година, во член 9 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Избраниот наставник, во рок од 15 дена од денот на склучувањето на договорот за работа, остварува личен контакт со одговорно лице во Агенцијата за иселеништво на Република Македонија заради запознавање со местото и условите каде е упатен на работа, при што во Агенцијата за иселеништво остава свои контакт податоци.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр._____
.11.2011 година

Министер,

м-р Панче Кралев, с.р.